**Прилог 1**

# Заклучоци и препораки по вторите извештаи на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година

**Генерални заклучоци и препораки:**

НСП заклучи дека од вкупно 7 формирани работни групи (РГ), сите работни групи доставиле извештаи.

По разгледувањето на вторите извештаи, НСП констатира напредок во работата на РГ, при што поголемиот дел од РГ идентификувале потреба и можност за унапредување на платните инструменти и платниот систем. Со цел добивање на конкретни резултати во процесот на имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година, РГ своите предлози треба да ги оформат во вид на конкретни Предлог инструменти согласно генералните заклучоци и препораки од 14.седница на НСП.

Предлог инструментите РГ треба да ги достават за разгледување на следната седница на НСП, која се планира за крајот на вториот квартал од 2009 година.

НСП препорача Координаторите да доставaт контакт листа со е-маил адреси и контакт телефони од своите членови до Секретарот на НСП. Секретарот врз основа на тие податоци ќе изработи контакт листа на сите членови на РГ и истата ќе биде објавена на страницата на НСП.

**Заклучоци и препораки по конкретните предлози од вторите извештаи на РГ:**

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Статус на реализација во однос на препораки од 14.седница на НСП и препораки за понатамошна работа |
|---|---|---|---|---|
| **Работна група за потикнување на нагорни трендови на безготовинските плаќања** | Констатиран е активен ангажман на Министерството за финансии од аспект на имплементација на Стратешката насока дефинирана во стратегијата:<br>-воведување електронска таксена марка и плаќање преку мобилен телефон или картичка | нема предлози | Иницијатива до Министерството за финансии за организирање на кампања за интернет банкарство преку јавниот радиотелевизиски сервис МРТВ. | РГ постапи согласно препораките од 14.седница на НСП, при што НСП препорача РГ да ја следи реализацијата на препораката од 14.седница за инструментот в.<br><br>НСП препорача квантитативниот индикатор за број на сметки кои се достапни за плаќања и извештаи да се прикаже и од аспект на правни и физички лица посебно. Исто така како квантитативен индикатор потребно е да се постави: готовински трансфери наспроти безготовински трансфери.<br><br>РГ да се посвети на инструментот б. преку Преглед за висината на провизијата по банки за безготовински и готовински платен промет од кој би можело да се дојде до предлог заклучоци и препораки до банкарскиот сектор. |
| **Работна група за електронски кредитни трансфери** | Стандардизација на платните инструменти за елктронски кредитни трансфери и ревизија на начинот на нивно дефинирање во Упатството за платни | Хармонизација на платните инструменти за елктронски кредитни трансфери со паневропската | Организирање на семинар за оваа тема за банкарскиот сектор. | РГ постапи согласно препораките од 14.седница на НСП; НСП ја потикнува РГ да продолжи со работа во зацртаните паравци дефинирани во нивниот извештај со цел дефинирање на конкретни Предлог инструменти. |

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Статус на реализација во однос на препораки од 14.седница на НСП и препораки за понатамошна работа |
|---|---|---|---|---|
| | инструменти. | платежна инфраструктура. | | |
| **Работна група за електронски директни задолжувања** | Измени во Упатството за платни инструменти преку воведување на образец за директно задолжување | Предложени се низа елементи својствени за имплементација на шема за директно задолжување | Предложена е промоција на овој инструмент кај граѓаните и правните лица преку намалени провизии, рекламни спотови и сл. | РГ постапи согласно препораките од 14.седница на НСП, НСП ја потикнува РГ да продолжи со работа во зацртаните паравци дефинирани во нивниот извештај со цел дефинирање на конкретни Предлог инструменти. Истовремено НСП ја прифаќа констатацијата дека имплементацијата на овој инструмент во Република Македонија најефикасно ќе се спроведе преку активен ангажман на КИБС АД Скопје, со оглед на веќе постоечкото искуство во имплементацијата на меѓубанкарските кредитни трансфери. |
| **Работна група за платежни картички** | -Воспоставување на правна рамка за работење со платежни картички<br>- зголемување на правната заштита од злоупотреба и криминал со  платежна картичка . | За домашните мрежи да се дефинираат стандарди компатибилни со СЕПА рамката за платежни картички. | - Кампања за користење на платежните картички во трговската мрежа.<br><br>-Семинар за едукација на банкарскиот сектор. | РГ пристапи кон реализација на предложените инструменти дефинирани во првиот извештај; НСП препорачува продолжување со натамошна работа согласно зацртаните цели во вториот извештај од оваа РГ со цел дефинирање на конкретни Предлог инструменти. |
| **Работна група за кеш** | | | | Извештајот како неусогласен во рамки на РГ за кеш, НСП не го усвои.<br><br>НСП препорача истиот да се усогласи на ниво на РГ каде за определени ставови потребно е членовите на РГ да се консултираат со своите институции за политиките на институциите по однос на |

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Статус на реализација во однос на препораки од 14.седница на НСП и препораки за понатамошна работа |
|---|---|---|---|---|
| | | | | прашањата наведени во извештајот.<br><br>НСП препорача барањата за типот на податоци од банките наведени во извештајот да се изземе од активноста со оглед дека бараните податоци не се во линија на реализација на Заклучокот.<br><br>НСП препорача соодветно да се реализира заклучокот од 14.седница **"б)РГ во соработка со Здружението за банкарство и Дирекцијата за платни системи (за податоци со кои располага НБРМ) да обезбеди податоци за трошоците при ракување со кеш (провизија за подигање во кеш, за плаќање во кеш преку банка и сл.) и за трошоците при безготовинско плаќање, како и висината на овие провизии за извршување на трансакциите, во функција на подетална анализа која (врз основа на овие податоци) би ја изработила РГ;"**<br><br>НСП препорача поголема координација од страна на координаторот на оваа работна група со цел доставување на усогласен извештај и конкретни Предлог инструменти, согласно препораките од 14. и 15.седница на НСП. |
| **Работна група за правна подршка** | Даден е систематизиран преглед на правото на ЕУ | | | Постапено е согласно препораките; по Предлог инструментите, РГ за правна |

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Статус на реализација во однос на препораки од 14.седница на НСП и препораки за понатамошна работа |
|---|---|---|---|---|
| | (ЕУ acquie) од областа на платните системи кој овозможува ефикасност во правната поддршка на работните групи. Направени се почетни анализи и препораки за имплементација на Директивата 2007/64/ЕЦ за платни сервиси | | | подршка во соработка со останатите РГ треба да достави мислење.<br><br>НСП препорача како индикатори за квалитативна оценка на работата на РГ да се земат број на ревидирани подзаконски и законски акти, број на дадени мислења по предлози од другите РГ и сл. |
| **Работна група за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди** | | | | НСП ја поттикнува РГ за понатамошна работа со посебен акцент кон проучување на СЕПА стандардите како и запознавање со активностите од истата РГ во рамки на Европскиот платен совет, за што за следната седница на НСП треба да достави извештај; по Предлог инструментите, оваа РГ во соработка со останатите РГ треба да достави мислење. |